ЕЛЕМ
ЕЛЕКТРАНИ НА МАКЕДОНИЈА

**АД ЕЛЕКТРАНИ НА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ, ДИРЕКЦИЈА**
11 Октомври 9, 1000 Скопје, п. фах 16, Р. Македонија

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
СКОПЈЕ

| Примено: 29.09.2010 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 11 | 9172/1 | | |

**Бр. 08 – 4682/1**
**Скопје, 28.09.2010**

**ДО: МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ**

**Управа за заштита на животната средина**
**СКОПЈЕ** Бул. Гоце Делчев бб

**Предмет: Доставување на известување за намера за изведување на проект и барање за определување на обемот на оценката на влијанието на проектот ХЕ Бошков Мост врз животната средина**

Почитувани

Со задоволство Ве информираме дека АД Електрани на Македонија (АД ЕЛЕМ) планира да започне со имплементација на проектот ХЕ Бошков Мост.

Проектот ќе овозможи искористување на дел од расположливиот хидро-потенцијал во Република Македонија за производство на електрична енергија и претставува значајна инвестициона иницијатива на АД ЕЛЕМ во македонскиот енергетски сектор. Во поширок контекст, искористувањето на хидро-потенцијалот како обновлив и чист извор на енергија овозможува намалување на емисијата на стакленички гасови и соодветен придонес на Република Македонија кон борбата за намалување на ефектите од климатските промени, најголемиот предизвик за животната средина со кој денес се соочува глобалната меѓународна заедница.

Проектот вклучува активности за планирање, проектирање и воспоставување на хидро-електраната Бошков Мост, со придружна инфраструктура. Овој енергетски капацитет ќе овозможи производство на 117.546 GWh електрична енергија на годишно ниво.

Проектниот предлог е вклучен во Прилог I на Уредбата за определување на проектите и за критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанијата врз животната средина (Службен весник на Р.Македонија бр. 74/2005), точка 12 – Хидро-технички објекти.

Согласно членот 80 од Законот за животната средина и релевантната секундарна регулатива, Ви доставуваме Известување за намерата за спроведување на проектот, вклучувајќи пополнет Преглед со кој се утврдува потребата од оцена на влијанието врз животната средина.

ЕЛЕМ
ЕЛЕКТРАНИ НА МАКЕДОНИЈА

АД ЕЛЕКТРАНИ НА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ, ДИРЕКЦИЈА
11 Октомври 9, 1000 Скопје, п. фах 16, Р. Македонија

Дополнително, во согласност со членовите 81 и 82 од Законот за животната средина, со овој допис бараме Вашата институција да го определи обемот на оцената на влијанието на проектот врз животната средина. За таа цел, во прилог на ова барање Ви доставуваме пополнета Листа на проверка за определување на обемот на оцената на влијанието врз животната средина.

Со почит,

**Прилог:**

- Известување за намерата за спроведување на проектот
- Листа на проверка за определување на обемот на оцената на влијание врз животната средина

ДИРЕКТОР ЗА РАЗВОЈ И ИНВЕСТИЦИИ
ЈАСНА ИВАНОВА ДАВИДОВИЌ

Ко: - Сектор за развој и инвестиции
- архива

тел.: + 389 (0) 2 31 66 758, факс: + 389 (0) 2 31 12 165; www.elem.com.mk, e-mail: contact@elem.com.mk